Народна банка на Република Северна Македонија
Дирекција за статистика

Скопје, 19 јули 2024 година

Соопштение за печатот

Монетарни движења во Република Северна Македонија: јуни 2024 година

– **Паричната маса (монетарниот агрегат М3[1,2]),** во јуни 2024 година, оствари месечен раст од 0,4%, во најголем дел како резултат на повисоките готови пари во оптек, при дополнителен позитивен придонес и на депозитните пари и краткорочните депозити. Годишниот раст на паричната маса изнесува 5,4%, пред сè поради зголемените депозитни пари, при дополнителен раст и на долгорочните депозити до две години и готовите пари во оптек.

– Во јуни, **вкупните депозити[3]** забележаа месечно зголемување од 0,4%, што во целост се должи на повисоките депозити на корпоративниот сектор. На годишна основа, вкупните депозити забележаа раст од 7,2%, како резултат на зголемените депозити на двата сектора, со значително поголем придонес на секторот „домаќинства".

Табела 1. Парична маса и вкупни депозити на недржавниот сектор

	состојба (во милиони денари)				годишна промена (во %)				месечна промена (во %)			
	12.2023	3.2024	5.2024	6.2024	12.2023	3.2024	5.2024	6.2024	12.2023	3.2024	5.2024	6.2024
Парична маса М4	**595,151**	**591,336**	**605,088**	**607,881**	**8.7**	**9.5**	**8.5**	**7.6**	**4.3**	**-0.7**	**0.8**	**0.5**
Парична маса М3	**529,264**	**521,804**	**533,843**	**535,985**	**5.9**	**6.6**	**6.0**	**5.4**	**4.5**	**-0.9**	**0.7**	**0.4**
од кои:												
Готови пари во оптек	50,002	49,336	50,265	51,377	5.3	8.6	7.4	7.6	7.5	1.5	-0.1	2.2
Депозитни пари	211,402	202,074	210,544	211,126	12.4	11.4	9.7	8.8	10.0	-1.9	0.5	0.3
Краткорочни депозити	215,860	215,551	215,077	215,501	0.6	1.0	0.5	0.1	-0.5	-1.1	0.6	0.2
Долгорочни депозити до 2 год	51,999	54,842	57,958	57,981	4.5	10.8	13.5	12.7	2.1	1.4	3.2	0.0
Вкупни депозити	**534,241**	**531,140**	**542,765**	**544,683**	**8.7**	**9.3**	**8.2**	**7.2**	**4.0**	**-0.9**	**0.8**	**0.4**
од кои:												
Корпоративен сектор	161,432	150,674	152,278	153,830	13.2	12.2	5.0	4.7	6.6	-2.4	2.4	1.0
Во денари	109,266	100,009	101,918	103,684	15.8	12.5	6.1	5.6	8.5	-3.6	2.7	1.7
Во странска валута	52,166	50,664	50,360	50,146	8.2	11.4	2.9	2.8	2.7	0.1	1.7	-0.4
Домаќинства	348,745	354,741	364,565	364,432	7.9	8.7	10.2	8.9	3.5	0.1	0.0	0.0
Во денари	173,543	177,631	185,724	184,627	11.8	13.7	15.9	13.1	6.4	0.6	-0.3	-0.6
Во странска валута	175,201	177,109	178,841	179,805	4.4	4.0	4.8	4.8	0.7	-0.3	0.4	0.5

Извор: НБРСМ.

[1] Почнувајќи од јуни 2018 година, Народната банка го користи монетарниот агрегат М3 како нова стандардна дефиниција за паричната маса. За аналитички цели и натаму ќе се пресметува и ќе се објавува монетарниот агрегат М4.

[2] Монетарниот агрегат М1 го сочинуваат готовите пари во оптек и депозитните пари. Монетарниот агрегат М2 е составен од монетарниот агрегат М1 заедно со краткорочните депозити, додека монетарниот агрегат М3 (паричната маса), покрај монетарниот агрегат М2, ги вклучува и депозитите со достасаност од една до две години. Следствено, монетарниот агрегат М4 ги содржи монетарниот агрегат М3 и долгорочните депозити со достасаност над две години. За подетално објаснување, види ја Методологијата:
http://www.nbrm.mk/content/statistika/Monetarna%20statistika/metodologija/Metodologija_monetarna_07_2018_mak.pdf

[3] Вкупните депозити ги сочинуваат сите депозити вклучени во монетарниот агрегат М4, коишто им припаѓаат на корпоративниот сектор, домаќинствата, останатите финансиски институции, непрофитните институции коишто им служат на домаќинствата и локалната самоуправа.

– **Вкупните кредити,** во јуни, се зголемени на месечна и на годишна основа за 0,8% и 6,4%, соодветно. Промената кај двете основи произлегува од растот на кредитите на двата сектора, со поизразен придонес на кредитите на секторот „домаќинства".

Табела 2. Вкупни кредити на недржавниот сектор

	состојба (во милиони денари)				годишна промена (во %)				месечна промена (во %)			
	12.2023	3.2024	5.2024	6.2024	12.2023	3.2024	5.2024	6.2024	12.2023	3.2024	5.2024	6.2024
Вкупни кредити	**444,721**	**449,251**	**458,708**	**462,435**	**5.1**	**6.1**	**6.8**	**6.4**	**1.3**	**0.3**	**0.9**	**0.8**
од кои:												
Корпоративен сектор	212,768	214,268	220,352	221,765	3.3	5.4	6.4	5.8	2.2	0.0	0.8	0.6
Во денари	131,089	134,280	140,468	144,110	7.1	11.9	14.8	16.2	2.7	1.0	2.4	2.6
Во странска валута	81,679	79,988	79,884	77,656	-2.3	-3.9	-5.8	-9.3	1.4	-1.7	-1.9	-2.8
Домаќинства	229,404	232,313	235,761	238,057	6.7	6.8	7.0	7.1	0.5	0.5	1.0	1.0
Во денари	125,223	126,809	128,940	130,453	5.1	5.8	6.4	7.2	0.0	0.3	1.3	1.2
Во странска валута	104,180	105,504	106,821	107,603	8.8	8.1	7.8	7.0	1.2	0.6	0.6	0.7

Извор: НБРСМ.



Извор: НБРСМ.

1. Депозити и кредити на корпоративниот сектор[4]



[4] За потребите на ова соопштение, корпоративниот сектор ги опфаќа јавните и приватните нефинансиски друштва.

Извор: НБРСМ.

– **Вкупните депозити на корпоративниот сектор,** во јуни, се зголемени за 1,0% споредено на месечна основа. Растот пред сè произлегува од зголемените депозитни пари, а во помал дел и од долгорочните депозити во странска валута, во услови на пад на краткорочните депозити и долгорочните депозити во денари. На годишно ниво, депозитите на корпоративниот сектор бележат раст од 4,7%, поради зголемените депозитни пари, долгорочните депозити во странска валута, како и долгорочните и краткорочните депозити во денари, во услови на пад на краткорочните депозити во странска валута.

– Во јуни, **кредитите на корпоративниот сектор**[5], забележаа месечен и годишен раст од 0,6% и 5,8%, соодветно. Растот според двете основи се должи на зголемените кредити во денари, при намалено кредитирање во странска валута.

Извор: НБРСМ.

2. Депозити и кредити на домаќинствата[6]



Извор: НБРСМ.

[5] Почнувајќи од јуни 2018 година, а во согласност со новата методологија, податоците за финансиските инструменти во денари со валутна клаузула се вклучени во рамките на странската валута.
[6] За потребите на ова соопштение, домаќинствата се однесуваат на физичките лица и на самостојните вршители на дејност.

- Во јуни, **вкупните депозити на домаќинствата,** се непроменети на месечна основа. Споредено со јуни минатата година, депозитите на домаќинствата остварија раст од 8,9%, којшто произлегува од повисоките депозитни пари и долгорочните депозити во денари и во странска валута, а краткорочните депозити во странска валута и во денари забележаа пад.

- Кај **кредитите на домаќинствата,** во јуни е забележано месечно и годишно зголемување од 1,0% и 7,1%, соодветно, коешто во поголем дел се должи на зголеменото кредитирање во денари, при раст и на кредитите во странска валута.





Извор: НБРСМ.



Извор: НБРСМ.

Табела 2. Кредити на банките и штедилниците дадени на физичките лица, по намена

	состојба (во милиони денари)				годишна промена (во %)				месечна промена (во %)			
	12.2023	3.2024	5.2024	6.2024	12.2023	3.2024	5.2024	6.2024	12.2023	3.2024	5.2024	6.2024
Потрошувачки кредити	119,868	119,858	121,816	122,818	6.5	5.8	6.1	5.8	1.1	0.4	0.7	0.8
Станбени кредити	83,891	85,555	87,130	87,920	10.5	10.4	10.8	10.2	1.4	1.0	0.9	0.9
Автомобилски кредити	399	399	426	458	11.4	13.1	21.7	25.3	2.7	1.8	5.2	7.5
Кредитни картички	9,835	9,459	9,358	9,332	-4.7	-6.8	-7.9	-8.0	-1.9	-0.8	-0.1	-0.3
Негативни салда по тековни сметки	6,000	6,820	6,474	6,846	0.6	6.1	-2.2	7.9	-13.8	2.3	7.3	5.7
Други кредити	1,782	1,658	1,610	1,579	-19.3	-21.2	-20.7	-18.8	-2.5	-1.7	-1.4	-2.0

Извор: НБРСМ.

– Анализирано според намената на кредитите одобрени на физичките лица, во јуни 2024 година, најзастапените категории – **потрошувачките и станбените кредити** бележат месечен раст од 0,8% и 0,9%, соодветно, при годишен раст од 5,8% и 10,2%, соодветно. Во јуни, **автомобилските кредити** се зголемија за 7,5% на месечно ниво, додека годишниот раст изнесува 25,3%. Кредитите одобрени на **кредитни картички** се пониски на месечна и на годишна основа за 0,3% и 8,0%, соодветно. Овој месец, **негативните салда на тековните сметки** бележат месечен и годишен раст од 5,7% и 7,9%, соодветно, додека кредитите одобрени по **други основи**, во јуни, се пониски за 2,0% на месечно ниво и 18,8%, на годишно ниво.

***

Придружни информации

Временски серии податоци: Биланси и прегледи на депозитните институции, месечни податоци http://www.nbrm.mk/monetarna_statistika.nspx

Методолошки објаснувања:
http://www.nbrm.mk/content/statistika/Monetarna%20statistika/metodologija/Metodologija_monetarna_07_2018_mak.pdf

Информација за методолошките измени во монетарната статистика, статистиката на останатите финансиски институции и статистиката на каматните стапки:
http://www.nbrm.mk/content/statistika/informacii/Informacija_za_promeni_vo_monetarnata_statistika_mk.pdf

Следни објавувања: Календар на објавување податоци
http://nbrm.mk/content/statistika/kalendar/Kalendar_na_objavuvanje_podatoci.pdf

Монетарни движења во Република Северна Македонија: 30 август 2024 година (референтен пресек заклучно со јули 2024).

За новинарски прашања, ве молиме контактирајте со лицата од Кабинетот на гувернерот.

За подетални информации во врска со објавените статистички податоци, побарајте нè на: contact.statistika@nbrm.mk или на телефонскиот број 02/3215-235 лок. 108/110.